Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15, а во врска со член 4 став 4 и член 18 став 1 алинеја 20 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), член 39 став 1 алинеја 1 и 15, член 2 став 4 и член 15 став 1 алинеја 19 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а согласно Уверението од Град Скопје, Сектор за комунални работи бр.5397/1 од 23.06.2015 година (наш бр.03-4109/2 од 23.06.2015 година) и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-4174/2 од 25.06.2015 година, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се врши промена на седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, така што постојното седиште на Агенцијата на Булевар „ВМРО" бр.3, Скопје – Центар, се менува во: Улица „Македонија" бр.38 Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила на 30.06.2015 година.

## Образложение

За потребата од промена на седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поради нејзина селидба во новите деловни простории - административниот објект „Палата Панко Брашнаров" – Скопје – Центар, Агенцијата до Град Скопје - Одделението за други комунални работи при Секторот за комунални работи достави Барање информација (наш бр.03-4109/1 од 19.06.2015 година), за адресата (улица и број) на која се води административниот објект „Палата Панко Брашнаров".

На ден 23.06.2015 година, Градот Скопје – Сектор за комунални работи, до Агенцијата достави Уверение бр.5397/1 од 23.06.2015 година (наш бр.03-4109/2) – Прилог бр.1 кон оваа одлука, во кое е наведено дека предметниот објект што се наоѓа во/на КП. 13521/3 КО Центар 1 е на: ул.„Македонија" и носи број 38 Скопје.

Следствено на тоа, потребно е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Централниот регистар на Република Македонија да го промени своето седиште, така што постојното седиште на Агенцијата на Булевар „ВМРО" бр.3, да се замени во: Улица „Македонија" бр.38, Скопје.

Во врска со напред наведеното, се донесе одлука за промена на седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, така што постојното седиште на Агенцијата на Булевар „ВМРО" бр.3, Скопје – Центар, се менува во: Улица „Македонија" бр.38 Скопје.

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15, а во врска со член 4 став 4 и член 18 став 1 алинеја 20 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), член 39 став 1 алинеја 1 и 15, член 2 став 4 и член 15 став 1 алинеја 19 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а согласно Уверението од Град Скопје, Сектор за комунални работи бр.5397/1 од 23.06.2015 година (наш бр.03-4109/2 од 23.06.2015 година) и Заклучокот на Советот на

Агенцијата бр.02-4174/2 од 25.06.2015 година, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

Прилог: (1)

Примерок од одлуката да се достави до:
- Централен регистар на Република Македонија;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива

Бр. 02-4257/1

25.06 2015 год.
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**